Врз основа на член 20 од Статутот на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, член 14 од Деловникот за работа на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, како и согласно со член 70 став 3 од Законот за енергетика, Управниот одбор на Друштвото на состанокот одржан на 21.02.2025 година, донесе

# ПРАВИЛА

# *ЗА НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО ТЕКОТ НА ДЕНОТ*

## *ОПШТИ ОДРЕДБИ*

### Член 1

(1) Со овие Правила за набавка на електрична енергија во текот на денот (во понатамошниот текст: Правила за набавка на електрична енергија ) се уредува начинот и текот на активности при обезбедување и набавка на електрична енергија во текот на денот (во понатамошниот текст: набавка на електрична енергија ).

(2) Сите значајни информации и временски рокови коишто се поврзани со процедурата за набавка на електрична енергија во текот на денот, АД ЕСМ - Скопје ќе ги објавува јавно и транспарентно.

### Член 2

1) АД ЕСМ – Скопје, според Правилата за набавка на електрична енергија, спроведува постапка по пазарни услови, на транспарентен, конкурентен и недискриминаторски начин.

### Член 3

(1) АД ЕСМ - Скопје ќе формира интерна комисија и ќе ја овласти за спроведување постапка за набавка на електрична енергија во текот на денот.

(2) АД ЕСМ - Скопје објавува отворен повик за покажување интерес за склучување рамковен договор со понудувачите коишто се носители на лиценци за производство, за снабдување и за трговија со електрична енергија на својата интернет-страница.

(3) Во отворениот повик ќе бидат содржани условите кои економските оператори што се носители на лиценци за производство, за снабдување и за трговија со електрична енергија треба да ги исполнат за да можат да склучат рамковен договор со АД ЕСМ - Скопје.

(4) Временскиот рок на отворениот повик останува отворен до донесување одлука на АД ЕСМ-Скопје за негово затворање.

(5) АД ЕСМ - Скопје склучува рамковен договор за набавка на електрична енергија со економските оператори кои ги исполниле условите од отворениот повик од став (3) од овој член. Економскиот оператор којшто ќе склучи рамковен договор со АД ЕСМ -

Скопје за набавка на електрична енергија се стекнува со статус: квалификуван понудувач.

(6) Само квалификувани понудувачи од ставот (5) од овој член имаат право да учествуваат во тендерската постапка за набавка на електрична енергија.

(7) Врз основа на склучените рамковни договори, АД ЕСМ - Скопје ги поканува квалификуваните понудувачи да учествуваат во постапката за набавка на електрична енергија во согласност со потребите дефинирани во барањето понуда (БП).

(8) Доколку, по спроведувањето на отворениот повик за покажување интерес за склучување рамковен договор од став (5) на овој член, се јават нови понудувачи кои имаат интерес за склучување рамковен договор за набавка на електрична енергија со АД ЕСМ – Скопје, можат дополнително да ги достават сите потребни документи што се наведени во отворениот повик и доколку ги исполнуваат условите од повикот да склучат рамковен договор со АД ЕСМ - Скопје.

(9) Рамковниот договор содржи:

- информации во врска со избраниот понудувач и одговорни лица за контакт;
- обврски на давателот и корисникот на услугата за набавка на електрична енергија;
- начин на набавка на електрична енергија;
- точка на испорака;
- начин на пресметка, услови на фактурирање и плаќање;
- останати услови.

***БАРАЊЕ ПОНУДИ***

**Член 4**

(1) АД ЕСМ – Скопје, во согласност со своите потреби, објавува барање понуда (БП) за набавка на електрична енергија.

(2) АД ЕСМ - Скопје ќе го испрати БП до сите квалификувани понудувачи по електронска пошта и/или преку електронска веб-платформа.

Барањето понуда ќе го содржи следното:

- датум, време и начин на доставување на понуди по однос на БП;
- барана моќност (MW);
- време на започнување и време на завршување на набавката;
- времетраење на набавката;
- точка на испорака;
- критериум за евалуација и избор на понуди;
- рок за доставување понуди;
- рок на важност на понудите;
- време за информирање на понудувачите за резултатите од постапката.

(3) Сите понуди што ќе бидат доставени од страна на понудувачите во врска со БП мора да ги содржат сите елементи и документи наведени во БП и тие да бидат доставени во наведениот рок, во согласност со начинот утврден во БП.

(4) АД ЕСМ - Скопје може да одлучи да не склучи индивидуален договор или да ја откаже објавата за набавка на електрична енергија, а притоа понудувачите немаат право да бараат каков било надомест.

(5) АД ЕСМ - Скопје е должен да чува доказ за понудите (електронски).

## *ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ*

### Член 5

(1) Понудувачот којшто ќе ја поднесе понудата мора да биде овластен од страна на Друштвото кое учествува во процедурата за набавка на електрична енергија. Со поднесувањето на понудата, подносителот потврдува дека е во целост запознаен со сите обврски коишто произлегуваат од нејзиното поднесување.

(2) Само понудите добиени во предвидениот рок согласно со БП ќе бидат земени предвид за евалуација според критериумот *најниска цена* за набавка на електрична енергија за предметниот период.

(3) Евалуација на пристигнатите понуди ќе се спроведе на следниот начин:

- понудите ќе бидат подредени во *листата на приоритетно подредување*, почнувајќи од најниска понудена цена и завршувајќи со највисока понудена цена;
- понудите што не ги содржат сите потребни елементи (документи) наведени во БП ќе бидат оценети како некомплетни и неприфатливи, и нема да се евалуираат;
- цената на електричната енергија за набавената електрична енергија се смета за единствен критериум за избор на најповолна понуда. Времето на прием на понудите ќе биде земен како секундарен критериум, единствено доколку два или повеќе квалификувани понудувачи понудиле цена за електрична енергија. Во таков случај за најповолна ќе биде рангирана понудата од квалификуваниот понудувач што прв ја доставил.

(4) Врз основ на *листата на приоритетно подредување* и на БП, АД ЕСМ - Скопје склучува индивидуален договор со квалификуван/и понудувач/и што ги исполнува/ат условите наведени во *БП* и кој/кои ќе понуди/ат најниска цена за набавка на електрична енергија за предметниот период , сè до целосно исполнување на бараните количини наведени во *БП*.

(5) АД ЕСМ - Скопје го задржува правото да избере еден или повеќе квалификувани понудувачи, или да отфрли понуда во согласност со насоките и критериумите претходно дадени во *БП*.

(6) АД ЕСМ - Скопје има право да изврши евалуација на понудите во согласност со насоките дефинирани во *БП*:

- со прибирање понуди (преку е-пошта);

- преку аукција со користење соодветна електронска (софтверска) апликација / веб-платформа.

(7) Доколку во *БП* е наведено дека процесот за набавка на електрична енергија ќе се одвива преку користење на електронска (софтверска) апликација / веб-платформа, АД ЕСМ - Скопје претходно ќе го запознае квалификуваните понудувачи со начинот на користење на апликацијата / веб-платформата во постапката за набавка на електрична енергија и ќе ги покани квалификуваните понудувачи да доставуваат понуди преку неа.

(8) АД ЕСМ - Скопје го задржува правото да избере една или повеќе понуди, да не направи избор на најдобра понуда или пак да ја откаже постапката за набавка на електрична енергија, и притоа понудувачите немаат право на какви било побарувања или оштета од АД ЕСМ - Скопје.

(9) АД ЕСМ - Скопје ги доставува резултатите од направениот избор по електронски пат до сите учесници во постапката.

## *СКЛУЧУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН ДОГОВОР*

### Член 6

(1) АД ЕСМ - Скопје ќе ги извести понудувачите за резултатот од постапката, рангирањето на најдобрите понудувачи и одлуката за избор на најповолни понудувачи, во рок од 20 минути од рокот за доставување на понудите.

(2) АД ЕСМ – Скопје, со доставување потврда по електронска пошта до понудувачот за прифаќање на понудата, го потврдува прифаќањето на набавката на електрична енергија, со што двете страни се согласни дека имаат индивидуален договор за набавка на електрична енергија со цена, количини и период на испорака онака како што се наведени во понудата и во *БП*.

(3) Индивидуалниот договор (потпишан и заверен скениран документ) АД ЕСМ ќе го достави по електронска пошта до 11:00ч, првиот нареден работен ден по завршување на испораката на набавената електрична енергија со избраниот понудувач, а избраниот понудувач е должен по приемот на индивидуалниот договор, него да го потпише и да го достави до АД ЕСМ – Скопје по електронска пошта. Оригиналниот индивидуален договор (потпишан и заверен) ќе се размени по пошта.

(4) Двете страни се согласни дека потпишаната копија што е испратена по електронски пат ќе ја има валидноста на оригинален договор.

## *ИСПОРАКА НА НАБАВЕНАТА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА*

### Член 7

(1) Испораката на набавената електрична енергија од избраниот понудувач до АД ЕСМ – Скопје ќе започне согласно со периодот за набавка наведен во *БП*, но не покасно од

три (3) часа од рокот на доставување на понуда наведен во *БП* (часот кога се доставува понудата ЧЧ + 3 часа).

(2) Диспечерот на должност и избраниот понудувач испраќаат трговски часовен распоред (TPS Trade Party Schedule) до систем-операторот за договорената набавка на електрична енергија.

(3) Договорните страни се согласуваат по завршување на набавката на електрична енергија, избраниот понудувач да му достави на АД ЕСМ - Скопје извештај за набавка (потпишан и заверен скениран документ) наредниот работен ден до 11:00 ч согласно со централно европско време (CET), којшто ќе го содржи вкупното количество на набавена електрична енергија, единечната цена на електричната енергија и вкупната вредност на набавената електрична енергија, без вкалкулиран ДДВ.

(4) АД ЕСМ - Скопје по приемот на извештајот за набавка на електрична енергија, во рок од еден (1) работен ден, го потврдува по писмен пат (со размена на потпишани и заверени скенирани документи по електронска пошта) количеството и договорната вредност на набавената електрична енергија.

(5) Избраниот понудувач ќе го користи извештајот за набавка како основа за подготовка на фактура за набавената електрична енергија за предметниот период, што ќе ја испрати до АД ЕСМ - Скопје.

## *ПРЕСМЕТКИ И ПЛАЌАЊА*

## Член 8

(1) Врз основа на примената фактура подготвена од избраниот понудувач, АД ЕСМ - Скопје ќе ја изврши исплатата 1 (еден) работен ден по прием на фактурата на е-маил адреса: rezervna.moknost@elem.com.mk. Ако рокот за исплатата е во неработен ден, исплатата ќе се изврши во текот на наредниот работен ден. Работни денови се сметаат сите денови од понеделник до петок, со исклучок на празниците во Република Северна Македонија.

(2) Сумите наведени во индивидуалниот договор не вклучуваат ДДВ, освен ако не е наведено поинаку во договорот. ДДВ по однос на договорот ќе биде утврдено во согласност со Законот за ДДВ.

(3) Избраниот понудувач ќе изготви фактура за набавената електрична енергија во денари (МКД) според официјалниот среден девизен курс за валута евро (ЕУР) на Народна банка на Република Северна Македонија, на денот на фактурирањето и АД ЕСМ - Скопје ќе го изврши плаќањето на фактурата во денари (МКД) на жиро-сметка на давателот на услуга во согласност со упатството дадено во фактурата. Врз основа на вредноста на електричната енергија во денари ќе се пресмета и ДДВ што ќе се вклучи во фактурата. Износот на ДДВ треба да биде јасно наведен во фактурата со користење на локалната валута – денари.

(4) Доколку избраниот понудувач не е регистриран во Република Северна Македонија, тој ќе изготви фактура за набавената електрична енергија со валута евро (ЕУР) и АД

ЕСМ - Скопје ќе го изврши плаќањето на фактурата во евро (ЕУР) на жиро-сметка на давателот на услуга во согласност со упатството дадено во фактурата.

(5) Ако АД ЕСМ - Скопје не ја изврши исплатата или делумно ја изврши, тој е обврзан да исплати законска казнена камата и тоа од денот на доспевање до денот на целосна исплата, а во согласност со Законот за облигациски односи.

(6) Секоја од договорните страни плаќа кон сопствената банка и ги намирува сопствените банкарски провизии.

## *БАНКАРСКИ ГАРАНЦИИ*

**Член 9**

(1) АД ЕСМ – Скопје нема да бара банкарска гаранција за квалитетно извршување на работите од квалификуваните понудувачи што имаат склучено рамковен договор со АД ЕСМ - Скопје за набавка на електрична енергија.

(2) Квалификуваните понудувачи што имаат склучено рамковен договор со АД ЕСМ - Скопје за набавка на електрична енергија можат да побараат банкарска гаранција за квалитетно извршување на работите од АД ЕСМ – Скопје.

(3) Во случај кога квалификуван понудувач ќе побара банкарска гаранција за квалитетно извршување на работите од АД ЕСМ – Скопје, тогаш и квалификуваниот понудувач е должен да обезбеди и достави банкарска гаранција во корист на АД ЕСМ - Скопје.

(4) Банкарската гаранција може да биде во форма на банкарска гаранција (SWIFT) или во форма на депозит.

(5) Банкарската гаранција за двете страни ќе биде во висина не поголема од 500.000,00 евра и со важност од осум (8) работни дена од денот на потпишување на Рамковниот договор и времетраење од 6 месеци. По завршување на важноста на банкарските гаранции, двете страни се должни да ги обноват гаранциите или да достават нови банкарски гаранции.

## *ВИША СИЛА*

**Член 10**

(1) Случај на *виша сила* го ослободува избраниот понудувач од обврската да испорача електрична енергија и АД ЕСМ - Скопје да преземе енергија во согласност со овој индивидуален договор.

(2) *Виша сила* во смисла на овој договор подразбира, вклучително и без ограничувања, една или повеќе од следниве околности:

- непредвидливи природни појави поврзани со природни катастрофи (поплави, земјотреси, пожари и слично) што се официјално објавени од надлежните институции во РС Македонија;

- дејствија на државните институции во РС Македонија кои се официјално објавени од нивна страна и кои ѝ оневозможуваат на договорната страна да ја изврши својата обврска или прифаќање на обврските;
- воведување или почитување на какви било закони, согласности, прописи, уредби, пресуди, налози, резолуции во сила, или барање од кои било државни органи во РС Македонија, освен барање што се однесува на парична исплата, што ѝ оневозможуваат на договорната страна да ја изврши својата испорака или прифаќање на обврските што не се донесени поради дејствија на ниту една од договорните страни;
- војна, непосредна воена закана, експлозија или др., што се официјално објавени од надлежните институции во РС Македонија;
- настан надвор од разумна контрола на страната барател којшто не би можела да го избегне или надмине и којшто извршувањето на договорот или прифатените обврски ги прави невозможни, вклучиво, но не и ограничено на:
    - o дефект на комуникациите или компјутерските системи на релевантниот мрежен оператор што ја спречува страната барател за извршување на својата обврска за испорака или прифаќање, или
    - o суспензија на испораките или прифаќањата од страна на релевантниот мрежен оператор.

(3) Доколку поради *виша сила* едната страна не може, целосно или делумно, да извршува кои било од своите обврски за испорака или прием на електрична енергија, се смета дека не се случило прекршување или неисполнување на договорните обврски од страната барател и таа се ослободува (наместо само времено да ѝ се суспендираат) од оние обврски што се погодени од настанувањето на вишата сила во временски рок и во онаа мера во која таквата виша сила ја спречува страната и ја оневозможува да ги извршува договорните обврски. Страната барател не е предмет на какви било обврски за исплата на обесштетување во однос на количествата што не биле испорачани или примени.

(4) Страната барател, во најкраток можен рок, откако ќе стане свесна за настанување на вишата сила ја известува другата страна во писмена форма за започнување на дејствието предизвикано од *вишата сила*, неговата природа и доколку е тоа можно ѝ дава необврзувачка процена за обемот и очекуваното времетраење за својата оневозможеност да ги извршува договорните обврски. Страната барател ги вложува сите комерцијално разумни напори да ја поправи состојбата и да ја отстрани, колку што е тоа можно, причината за својата оневозможенст за извршување на договорните обврски, на тој начин ублажувајќи ги последиците на *вишата сила.* Во текот на продолженото траење на настанувањето на вишата сила ѝ обезбедува на другата страна разумни и ажурирани информации за обемот и за очекуваното времетраење на својата онеспособеност за извршување на договорните обврски под услов, ако решавањето на штрајковите, прекините на работењето и другите трудови конфликти се целосно во надлежност на засегнатата страна што се повикува на постоење *виша сила*.

(5) Страната барател веднаш ја известува другата страна за преземените мерки за заштита и елиминирање на настанувањето на *виша сила*, вклучувајќи и итно известување за завршување на настанот на *виша сила*.

(6) Во случај кога избраниот понудувач е ослободен од обврските за испорака поради настанување на виша сила, АД ЕСМ - Скопје, исто така, се ослободува од соодветните обврски за прием и за плаќање. Во случај, доколку АД ЕСМ – Скопје е ослободено од обврските за прием поради *виша сила*, избраниот понудувач, исто така, се ослободува од соодветните обврски за испорака.

## ***НАДОМЕСТ НА ШТЕТА***

Член 11

(1) Доколку избраниот понудувач не успее да ја испорача целата или дел од договорената електрична енергија во согласност со рамковниот договорот и индивидуалниот договор, а при тоа нема случај на виша сила, или неиспораката на електричната енергија не е последица на околности за кои АД ЕСМ - Скопје е одговорно, избраниот понудувач ќе му исплати на АД ЕСМ – Скопје паричен износ како надомест за штетите за тие количини на неиспорачана електрична енергија еднаков на производот од разликата помеѓу договорената цена за електричната енергија според индивидуалниот договор и цената за која АД ЕСМ – Скопје е или бил во можност да да ја набави неиспорачаната електрична енергија на пазарот (доколку е повисока), и целата количина неиспорачана електрична енергија.

(2) Таквиот износ ќе биде утврден на комерцијално разумен начин, заедно со релевантните и комерцијално разумни преносни трошоци и останатите комерцијално разумни документирани трошоци што ги сноси од АД ЕСМ – Скопје, како резултат на неуспехот на избраниот понудувач.

(3) Во случај кога избраниот понудувач количината на електрична енергија која треба да ја испорача и која е најавена кај систем операторот и операторот на пазар на електрична енергија не може да ја испорача во точка на испорака, пенализацијата што е предвидена од страна на систем операторот и операторот на пазар на електрична енергија ќе биде на товар на избраниот понудувач во целост.

(4) Доколку АД ЕСМ - Скопје не успее да ја преземе целата или дел од договорената електрична енергија во согласност со рамковниот договорот и индивидуалниот договор, а при тоа нема случај на виша сила, или непреземањето на електричната енергија не е последица на околности за кои избраниот понудувач е одговорен, АД ЕСМ – Скопје ќе му исплати на избраниот понудувач паричен износ како надомест за штетите еднакв на производот од разликата помеѓу договорената цена за електрична енергијата според индивидуалниот договор и цената по која избраниот понудувач е или бил во можност да ја продаде непревземената електрична енергија на пазарот (доколку е пониска), и количината на непреземена електрична енергија.

(5) Таквиот износ ќе биде утврден на комерцијално разумен начин, заедно со релевантните и комерцијално разумни преносни трошоци и останатите комерцијално разумни документирани трошоци што ги сноси избраниот понудувач како резултат на неуспехот на АД ЕСМ - Скопје.

(6) Во случај кога АД ЕСМ - Скопје количината на електрична енергија која треба да ја преземе и која е најавена кај систем операторот и операторот на пазар на електрична енергија не може да ја преземе во точка на прием, пенализацијата што е предвидена од страна на систем операторот и операторот на пазар на електрична енергија ќе биде на товар на АД ЕСМ - Скопје во целост

***ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***

**Член 12**

(1) АД ЕСМ - Скопје има право да врши изменување и дополнување на Правилата за набавка на електрична енергија во текот на денот.

**Член 13**

(1) Со влегување во сила на овие Правила за набавка на електрична енергија во текот на денот и нивно објавување на официјалната интернет-страница на АД ЕСМ – Скопје, престануваат да важат „Правила за обезбедување резервна моќност и испорака на електрична енергија" усвоени со Одлука на Управниот одбор УО бр. 02/-7605/30/3 од 27.11.2024 година, и „Рамковен договор за обезбедување резервна моќност и испорака на електрична енергија" кој е составен дел на „Правила за обезбедување резервна моќност и испорака на електрична енергија", како и сите права и обврски коишто произлегуваат од нив.

**Член 14**

(1) Овие Правила влегуваат во сила од денот на нивното донесување.

**УО бр.02-1145/58/7.1**
**21.02.2025 година**
**Скопје**

**Генерален директор**
**м-р Лазо Узунчев**